# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА |
| Одговорно лице и контакт информации: | Никола Прокопенко<br>nprokopenko@mjustice.gov.mk<br>Николина Микеска<br>nmikeska@mjustice.gov.mk<br>cabinet@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐ Друго/ Стратегија за реформа на правосудниот сектор |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | ноември 2018 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | ноември 2018 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |

| | |
|---|---|
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Декември 2018 година |

## 1. Опис на состојбите во обласста и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Законот за кривичната постапка беше донесен во декември 2010 година, а наговата примена отпочна во декември 2013 година. Со овој закон беа вградени значајни новини во нашиот кривично правен систем. Најголемите новини беа во делот на пренесувањето на надлежностите за водењето на истрагите од истражните судии на јавните обвинители. Исто така, со наведениот закон беше зајакната контролата на јавното обвинителство над полицијата, а беше воведен и институтот на спогодување. За спроведување на Законот беше изготвен детален Акционен план кој содржеше мерки поделени на три нивоа: усогласување на останатите закони и подзаконски акти со Законот за кривичната постпка, јакнење на човечките и материјално техничките капацитети на органите кои го спроведуваат законот, како и спроведување обуки за судиите, јавните обвинители, адвокатите, припадниците на Министерството за внатрешни работи и други субјекти кои го спроведуваат законот. Обуките беа организирани два модули и тоа: општ модул и посебни специјализирани модули за неколку клучни области од законот.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Во текот на спроведувањето на обуките беа лоцирани одредени слабости на одредени одредби во аконот, кои по завршувањето на обуките беа сублимирани од страна на Академијата за судии и јавни обвинители во форма на Извештај.

## 2. Цели на предлог регулативата

Главна цел на донесувањето на овој закон е во него да се вградат релевантните меѓународни документи и да се отстранат лоцираните слабости кои произлегоа од практичарите во текот на обуките за неговата примена.

Со оглед дека се работи за измени и дополнувања на повеќе од 1/3 од членовите од постојниот закон, ќе се пристапи кон донесување нов закон. Сепак, од практични причини Законот ќе ја задржи нумерацијата од постојниот закон.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку не се донесе предложениот Закон, нема да се надминат досегашните практични проблеми во примената на Законот.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Најсоодветно решение заради надминување на наведените слабости е да се донесе предложениот закон.

4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

*4.2 Фискални влијанија*

*4.3 Социјални влијанија*

*4.4 Влијанија врз животната средина*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

За спроведување на законот се потребни финансиски средства за обука на судии и јавни обвинители кои се обезбедени во рамките на Буџетот на Академијата за судии и јавни обвинители, во рамките на програмата за континуирана обука, како и за јакнење на капацитетите (човечки и материјално-технички) на институциите надлежни за спроведување на законот.

*б)трошоци за почитување на регулативата*

5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Предлогот на законот е изготвуван од судии, јавни обвинители, адвокати, професори, а во работната група кој е поддржана од ОБСе учествуваа и бројни меѓународни екперти од оваа област. Предлогот на Законот е доставен на мислење до Вховниот суд на Република Македонија, апелационите судови, основните судови, Јавното обвинителство на Република Македонија, вишите јавни обвинителства, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, основните јавни обвинителства, Адвокатската комора, Министерството за

финансии, Министерството за информатичко општество и админитрација, Министерството за внатрешни работи и Секретаријатот за законодавство.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Вградените решенија содржани во законот се базирани врз меѓународните стандарди во оваа област, и тоа особено следниве документи:

- **Directive 2010/64/EU (Right to interpretation and translation)**
- **Directive 2012/13/EU (Right to information)**
- **Directive 2013/48/EU (Right of access to lawyer)**
- **Directive (EU) 2016/343 (Presumption of innocence and right to be present at one's trial)**
- **Directive (EU) 2016/800 (Procedural safeguards for children)**
- **Directive (EU) 2016/1919 (Legal aid)**
- **Directive 2012/29/EU (Victims` Rights Directive)**

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

Ризици постојат доколку не бидат обезбедени финансиски средства и тоа во неколку клучни област:

- За кадровско екипирање и материјално – техничко опремување на истражните центри,
- За обезбедување опрема за снимање на главната расправа и
- За обештетување на жртвите на кривични дела.

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Со оглед дека се работи за измени и дополнувања на повеќе од 1/3 од членовите од постојниот закон, ќе се пристапи кон донесување нов закон. Сепак, од практични причини Законот ќе ја задржи нумерацијата од постојниот закон.

Покрај одредени технички подобрувања на законот и надминување на некои слабости кои беа лоцирани во пнеговата примена од страна на практичарите, во него се содржани и одредени решенија кои квалитативно ги подобруваат постојните одредби, и тоа во следниве области:

- конфискацијата,

- жртвите на кривични дела,
- притворот,
- посебните истражни мерки,
- главната расправа и
- роковите за обвинителниот акт.

7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Потребно е усогласување на Законот за јавното обвинителство.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

- Правилник за начинот на спроведување на индивидуалната процена на жртвата
- подзаконски акт за анонимизација на наердбата за следење накомуникации

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Полицијата, финансиска полиција, Царинска управа, јавното обвинителство и судовите.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Организирање обуки спроведувани од Академијата за судии и јавни обвинители, со поддршка од ОБСЕ.

8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Следењето на примената на законот ќе се врши согласно Методологијата за судска статистика.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

За следењето на примената на законот согласно Методологијата за судска статистика особено ќе се применуваат следниве индикатори:

1. **Индикатор за стапка на решени предмети (СРП – Индикатор)**

Овој индикатор го покажува односот меѓу примените предмети и завршените предмети во соодветниот период, изразен во проценти.

$$\text{СРП} = \frac{\text{Решени предмети} \times 100}{\text{Примени нови предмети}}$$

2. **Индикатор за време на решавање на предметите (ВРП – Индикатор)**

Со овој индикатор се врши споредба на бројот на решени предмети за време на соодветниот период и бројот на нерешени предмети на крајот од периодот, при што 365 се дели со бројот на решени предмети поделен со бројот на нерешени предмети на крајот на периодот. Добиениот резултат го означува просечниот број на денови за решавање на предметите. Со овој индикатор се мери колку брго судовите ги решаваат предметите и колкав просечен период им е потребен да решат одреден вид предмети. Генерално, овој индикатор покажува како судовите го менаџираат протокот на предметите.

$$\text{ВРП} = \frac{365}{\text{број на решени предмети за време на соодветниот период/број на нерешени предмети на крајот на периодот}}$$

3. **Индикатор за решени предмети на ден (РПД – Индикатор)**

Овој индикатор покажува колку предмети се решени на ден во определен период и се добива така што бројот на решени предмети во периодот се дели со бројот на денови

$$\text{РПД} = \frac{\text{Број на решени предмети}}{\text{Број на денови}}$$

4. **Индикатор за стапка на ефикасност (СЕ – Индикатор)**

Овој индикатор го покажува односот меѓу бројот на вработените во судот и резултатите од работата на судот (бројот на завршени предмети), изразен како коефициент на ефикасност.

СЕ = Број на завршени предмети

Број на вработени во судот

5. **Индикатор за вкупен заостаток на предмети (ВЗП – Индикатор)**

Овој индикатор ни го покажува вкупниот број на нерешени предмети на крајот на периодот и се пресметува така што бројот на решени предмети во периодот се минусира од вкупниот број на предмети во работа.

ВЗП = вкупен број на предмети во работа - бројот на решени предмети во периодот

6. **Индикатор за решавање на заостатокот на предмети (РЗП – Индикатор)**

Овој индикатор претставува однос меѓу бројот на предметите и времето на решавање на предметите, при што се добива потребното време за решавање на вкупниот заостаток на предмети.

$$\text{РЗП} = \frac{\text{Вкупен заостаток на предмети (ВЗП) X 365 дена}}{\text{Број на завршени предмети во текот на годината}}$$

7. **Просечно потребни денови за решавање на ново примените предмети (ПДНПП – Индикатор)**

Овој индикатор го покажува потребниот број на денови за решавање на ново примените предмети кои не биле завршени и се добива така што од бројот на примени предмети се одзема бројот на решени предмети, при што добиениот резултат се множи со бројот на денови во соодветниот период. Добиениот резултат се дели со бројот на решени предмети.

$$\text{ПДНПП} = \frac{\text{(број на ново примени предмети - број на решени предмети) X број на денови во периодот}}{\text{Број на решени предмети}}$$

8. **Индикатор за процентот на ново примени предмети кои не се решени (ННП – Индикатор)**

Овој индикатор го покажува процентот на ново примени предмети кои не се решени во текот на определен период. Се добива така што од бројот на ново примени предмети се одзема бројот на решени предмети, при што помножениот резултат со 100 се дели со бројот на ново -примени предмети.

$$\text{ННП} = \frac{\text{(број на ново примени предмети - број на решени предмети) X 100}}{\text{Број на ново примени предмети}}$$

## 9. Индикатор за број на предмети по судија (БПС – Индикатор)

Овој индикатор служи за мерење на ефикасноста на работата на секој судија. Особено е погоден за примена во специјализираните судски оддели каде што судиите решаваат само одреден вид предмети, затоа што овозможува споредување на податоците. Индикаторот го покажува бројот на предмети по судија за определен период.

$$БПС = \frac{\text{Вкупно предмети во работа во определениот период}}{\text{Број на судии кои постапувале по наведениот вид предмети}}$$

## 10. Индикатор за остварена норма од страна на судија (ОНС – Индикатор)

Овој индикатор претставува однос меѓу нормата за решени предмети од одреден вид и бројот на решени предмети во текот на месецот, при што резултатот се изразува во проценти.

$$ОНС = \frac{\text{број на решени предмети}}{\text{норма за решени предмети според видот на предметите}}$$

## 11. Индикатор за стандардно отстапување (СО – Индикатор)

Овој индикатор го покажува отстапувањето од пропишаните законски рокови за решавање одреден вид предмети и се изразува во денови и во проценти. Индикаторот за стандардно отстапување во денови се пресметува така што законскиот рок за траење на постапката по конкретниот вид предмети се одзема од просечното траење на постапката за одреден вид предмети. Изразен во проценти, индикаторот за стандардно отстапување се пресметува така што добиениот резултат од просечното траење на постапката за одреден вид предмети одземен од законскиот рок за траење на постапката по конкретниот вид предмети се множи со 100, а потоа овој резултат се дели со законскиот рок за траење на постапката по конкретниот вид предмети. Овој индикатор е особено погоден за пресметување на отстапувањето за решавање на предметите каде што траењето на постапките по нив е пропишано во закон. На пример, за работните спорови, каде што е предвидено нивно решавање во рок од 6 месеци од поднесувањето на тужбата, или обврска на Врховниот суд на Република Македонија да одлучи по ревизија во рок од 8 месеци.

СО = просечното траење на постапката - законскиот рок за траење на постапката = денови

$$СО = \frac{\text{просечно траење на постапката - законски рок за траење на постапката}}{\text{законски рок за траење на постапката}} = \%$$

Изјава од министерот

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум: 19. 11. 2018

..............................................................

Министер за правда,
д-р Рената Дескоска

Изготвил: Никола Прокопенко